Бр.03-852/2
24-03-2021
С к о п ј е

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Сл.весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), постапувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер, Агенција за вработување на Република Северна Македонија донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за пристап до информации од јавен карактер

1. Се уважува Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од [redacted] Скопје поднесено до Агенција за вработување на Република Северна Македонија (заведено под Наш бр.03-852/1 од 05.03.2021 година), Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија ги доставува бараните информации со кои располага.

2. Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија не располага со дел од бараните информации.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија барателот [redacted] поднесе Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер (заведено под Наш бр. бр.03-852/1 од 05.03.2021 година), со кое бара:

1. обезбедување парична помош за домаќинствата и енергетски додаток за корисниците на социјална заштита, во износ од просечно по 7.000 денари по домаќинство - овaa мерка опфаќа околу 20 000 нови домаќинства од неформалната економија и 30 000 постоечки корисници.
2. платежни картички со износ од 6.000 денари за 85.108 неформални работници кои воедно се и пасивни баратели на работа и 520 самостојни уметници.
3. Колку точно на број неформални работници ги искористиле мерките од сите 4 пакети кои беа насочени кон поддршка на неформалните работници.
4. Податоци за бројот на ново-пријавени невработени лица (на месечно ниво), кои претходно не биле пријавени како вработени (или во било каков работен однос) - по месеци во периодот од Јануари 2019 до Февруари 2021 година.

Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија го разгледа Барањето и по истото постапи согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер, и Ве известуваме за следното.

Од економските мерки кои ги донесе Владата на Република Северна Македонија, за справување со здравствено економската криза предизвикана од COVID-19 вирусот, во надлежност на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија е мерката "Паричен надоместок за граѓаните кои останале без работа во износ од 50% од просечната плата на работникот". Согласно донесената Уредбата со законска сила за дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за вработувањето и осигурување во случај на невработеност за време на вонредна состојба (Сл.Весник на РСМ

бр.136/20), а се однесува на невработени лица на кои работниот однос им престанал во периодот 11.03 – 30.04.2020 година, право на паричен надоместок оствариле вкупно 3123 невработени лица за кои е извршена исплата во вкупен износ од 54.314.893,00 денари.

Во однос на точка 4 од барањето Во прилог на ова Решение Ви доставуваме податоци – Прегледи (во електронска верзија) за прилив и одлив на невработени лица, по месеци во период од јануари 2019 до февруари 2021 година.

Со оглед на горенаведеното Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

*Со почит,*

Службени лица за посредување
на информации од јавен карактер
Едвин Муковиќ
Ајсељ Идризи
Мери Трајковска

Согласен: Биљана Деловска – Раководител на Сектор за истражување
и анализа на пазарот на трудот

Директор
Abdush Demiri